СЛОБОДЕН ИЗБОРЕН ПРЕДМЕТ

# КЛАСИЧНА КУЛТУРА

| ОСНОВНИ ПОДАТОЦИ ЗА НАСТАВНАТА ПРОГРАМА | |
|---|---|
| **Наставен предмет** | Класична култура |
| **Автор на наставната програма, звање на авторот, училиште во кое изведува настава и предмет за наставна работа:** | Ненад Начковски, дипломиран класичен филолог<br>ООУ „11 Октомври“ - Куманово, (предмет: класична култура)<br>СОУ Гимназија „Гоце Делчев“ - Куманово, (предмет: латински јазик)<br>ОСТУ „Наце Буѓони“ - Куманово, (предмет: латински јазик) |
| **Одделение:** | VI (шесто) |
| **Број на часови:** | 36 |
| **Средства за реализација на наставен час:** | **Работни:** тетратки, хамер-хартии, фломастери, моливи, маркери, дрвени боици, фломастери, глинамол, керамички садови, работни листови и др.<br>**Нагледни:** фотографии, постери, книги, цртежи, енциклопедии, модели.<br>**Аудиовизуелни:** СМАРТ-табла, компјутер, ЛЦД-проектор, звучници.<br>**Софтверски**: презентации, видео-содржини, апликативен софтвер.<br>**Информативни со ИКТ:**<br>Блог-портал ΜΥΘΟΣ (http://mythosmk.blogspot.mk);<br>ЈуТјуб-канал ΜΥΘΟΣ (www.youtube.com/c/MythosMK).<br>**Интерактивни со ИКТ:** http://wordwall.net. |

<table>
<tr>
<td>




</td>
<td>
Дигитални интерактивни содржини од блог-порталот ΜΥΘΟΣ:<br><br>

<br>
Наставникот има можност да се служи со дигитални интерактивни содржини за време на наставен час за визуелно-впечатлива и квалитетна реализација на конкретните цели од оваа Програма.<br><br>
Концептот на учечко-поучувачкиот приод во дигиталните содржини е замислен според насоките на современата методологија и според потребите за настава во современиот XXI век.<br>
Пристапот до напатствието како треба да се ракува со дигиталните интерактивни содржини е на следната хиперврска Дигитални содржини за Класична култура.<br><br>
Авторот на Наставната програма има изготвен и незваничен учебник по предметот во монохроматски и економичен дизајн предвиден за печатење во хартиена форма за услови каде што не постојат технички средства, за ученици на кои им треба лесна пристапност и видливост на содржините и за ученици кои имаат потреба од посебна поддршка.<br><br>
За податоци поврзани со учебникот и за преземање отворете ја следната хиперврска Нов прилагоден учебник по Класична култура.
</td>
</tr>
<tr>
<td>Норматив за наставен кадар:</td>
<td>Наставата по наставниот предмет Класична култура ја изведува наставник со завршени Класични студии со звање дипломиран класичен филолог или дипломиран класичар.</td>
</tr>
</table>

| НАЦИОНАЛНИ СТАНДАРДИ | |
|---|---|
| **Увод:** | Националните стандарди за основното образование се донесени со решение бр. 08-4176/2 од 5.3.2021 год.<br><br>Според *клучните компетенции за доживотно учење* од Европската референтна рамка, се очекува учениците да се стекнат со знаења, вештини и ставови преку усвојување на ***трансверзални компетенции*** и *компетенции определени по подрачја, односно* ***тематски компетенции****.*<br><br>**Трансверзалните компетенции** се посебен вид на знаења, вештини, вредности, ставови и способности кои се применуваат во некоја дадена ситуација или контекст, на пр.: самодоверба, самоконтрола, култура на изразување, емпатија, посветеност кон заедницата, преговарачки вештини, способност за донесување на одлуки, лидерство, креативност. |

| ПОВРЗАНОСТ СО НАЦИОНАЛНИТЕ СТАНДАРДИ | |
|---|---|
| **Ученикот/ученичката знае и/или умее:** | |
| **I-A.3** | да води критички и конструктивен дијалог, аргументирано искажувајќи ги своите ставови, |
| **I-A.9** | да разбира содржини на пишан текст: да може да ги издвои, анализира, оценува/вреднува и резимира информациите од текстот и да ги искаже (писмено и усно) со свои зборови, |
| **II-A.3** | да прочита и разбере едноставни текстови од различни видови, на позната и помалку позната тематика, соодветни на возраста, |
| **IV-A.5** | да определи какви информации му/и се потребни, да најде, избере и преземе дигитални податоци, информации и содржини, и да ја процени нивната релевантност во однос на конкретната потреба и веродостојноста на изворот, |
| **IV-A.6** | да избере и користи различни алатки за обработка на податоци, да ги анализира податоците и да ги претстави на различни начини почитувајќи ги правилата за користење, |

| | |
|---|---|
| **V-A.18** | да истражува, поставувајќи релевантни прашања, со цел да ги открие проблемите, да ги анализира и вреднува информациите и предлозите и да ги проверува претпоставките, |
| **VI-A.8** | да согледа што ги поврзува, а што ги разединува луѓето во заедницата, да изнаоѓа начини да придонесе за напредокот на заедницата, имајќи ги предвид потребите и интересите на сите, |
| **VI-A.27** | да ја раскаже и објасни историјата (социјална, културна и политичка), на сопствениот народ и на историите на другите народи што живеат во нашата земја и во регионот, со своите посебности и во контекст на споделеното историско минато, |
| **VI-A.28** | да ги раскаже и објасни историските настани на светско ниво (од социјален, културен и политички аспект) што се битни за развојот на цивилизацијата, за формирање на нациите и за односите меѓу народите и државите во современи услови, |
| **VI-A.32** | критички да анализира историски извори, артефакти и различни наративи, |
| **VIII-A.4** | да ги интерпретира идеите, искуствата и емоциите изразени во уметничките продукти креирани од другите што се припадници на сопствената или на други култури, |
| **VIII-A.6** | да ги идентификува разликите и сличностите меѓу сопствената култура и другите култури во своето потесно и пошироко опкружување и да ја анализира нивната поврзаност и взаемна зависност, |
| **VIII-A.7** | да препознава и објаснува како културните обележја се менуваат со текот на времето и во различни контексти, |
| **VIII-A.12** | да го интерпретира светот не само од гледна точка на припадниците на сопствената култура, туку и низ перспективата на други култури. |
| **Ученикот/ученичката разбира и прифаќа дека:** | |
| **I-Б.5** | читањето и изразувањето на мајчиниот јазик се важни за развојот и поттикнувањето на креативноста и критичкото мислење, |
| **I-Б.6** | познавањето на мајчиниот јазик е темел на учењето и стекнувањето на знаења од сите други области (наставни предмети), |

| | |
|---|---|
| **IV-Б.1** | дигиталната писменост е неопходна за секојдневното живеење - го олеснува учењето, животот и работата, придонесува за проширување на комуникацијата, за креативност и иновативност, нуди разни можности за забава, |
| **V-Б.10** | учењето е континуиран процес кој не завршува во училиште и не се ограничува на формалното образование, |
| **VI-Б.1** | не смее да прави дискриминација врз основа на разликите меѓу луѓето (родова и етничка припадност, возраст, способности, социјален статус, сексуална ориентација итн.), |
| **VI-Б.10** | познавањето на историјата и географијата овозможуваат подобро разбирање на светот во којшто живееме, |
| **VIII-Б.1** | уметноста и другите форми на културно изразување придонесуваат за разбирање и менување на светот, |
| **VIII-Б.5** | на разликите меѓу културите треба да се гледа како на можности за учење и како предизвик за заемно разбирање и напредување. |

| **ТЕМАТСКИ КОМПЕТЕНЦИИ** | |
|---|---|
| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ** | |
| **I ТЕМА** | **КЛАСИЧНИ ЈАЗИЦИ И ИСТОРИЈА НА ПИСМЕНОСТА** (8 ЧАСА) |
| **Знаења/вештини:** | |
| ✓ **ги разбира поимите „класичен“ и „култура“;**<br>✓ **знае кои народи ѝ припаѓале на класичната култура во антиката;**<br>✓ **го определува поимот писмо и неговото најстаро потекло;**<br>✓ **ги разликува видовите на писмо и ги подредува по хронолошки развој;**<br>✓ **споредува и препознава писма на определени современи јазици;**<br>✓ **го определува поимот *писменост* и неговото значење за развој на цивилизацијата;**<br>✓ **ги препознава и разликува материјалите и средствата за пишување од далечното минато;**<br>✓ **ги препознава класичните јазици и домородните говорители на тие јазици во антиката;** | |

- ✓ го препознава неминовното присуство и го уважува посебното значење на латинизмите и грцизмите во мајчиниот и во другите јазици за збогатување на речничкиот фонд и за развојот на мислата;
- ✓ развива вештина за примена на латинизми и грцизми и нивна преводна форма во мајчиниот јазик.

**Ставови/вредности:**

- ✓ развива почит кон историското и културното минато на човекот;
- ✓ ја прифаќа класичната култура како камен-темелник на европската цивилизација;
- ✓ ги вреднува класичните јазици како подлога на европската книжевна мисла и на научната терминологија;
- ✓ ја согледува вредноста од познавањето на писмото во писменото изразување на мајчин или на друг јазик;
- ✓ ја согледува и проценува неизбежната потреба на човекот за визуелизација на мислите преку подражавање на древните писма од сликовит до стилиризиран облик;
- ✓ гради сопствена проценка за квалитет на материјалите и средствата за пишување во минатото и денес;
- ✓ ги вреднува јазикот и писмото како основен медиум за општонародна комуникација и кореспонденција;
- ✓ се поттикнува на изучувањето на јазици.

| Наставни содржини | Број на часови | Активности |
|---|---|---|
| **1. Што претставува класичната култура?** | **1** | 1) Учениците се запознаваат со поимите „класична“ и „култура“. Наставникот ги запишува поимите на табла и чека повратни одговори од учениците.<br>2) Учениците се делат во три групи, разменуваат мислења меѓусебно за тоа како ги разбираат поимите, на што ги асоцираат, а потоа ги запишуваат одговорите на празен лист од тетратка според следниот редослед:<br>а) Секој од нив треба да даде сопствено мислење со куса реченица или збор запишувајќи ги на лист од тетратка;<br>б) Еден претставник од групите ги чита или, ако има услови и време за тоа, ги запишува одговорите на табла;<br>в) Се споредуваат сличните одговори; |

| | | |
|---|---|---|
| | | г) Се дава заклучок за поимите како учениците ги разбрале.<br>3) Наставникот им дообјаснува кои народи се претставници на класичната култура, од кое време и на кој географски простор живееле и ја развивале таа култура. |
| **2. Класични јазици (старогрчки и латински јазик)** | **1** | 1) Наставникот ги проверува учениците дали имаат предзнаење за тоа кои јазици во европската цивилизација се сметаат за класични (долговековни, незгасливи)?<br>2) Преку тематска презентација им објаснува кои народи се претставници на класичната култура и на кои класични јазици зборувале и пишувале во антиката. За таа цел, наставникот може да се послужи со содржините од корпусот на образовниот блог-портал ΜΥΘΟΣ[1], кој функционира како отворен образовен ресурс. Од обележаните хиперврски, за да ја изложи содржината, наставникот може да ги употреби тематските презентации на ΜΥΘΟΣ – I 1. Класични јазици - старогрчки и латински јазик [2] или да го отвори написот на ΜΥΘΟΣ - За класичните јазици[3].<br>3) Учениците добиваат задача, во групи, креативно и схематски, на хартија или хамер-хартија, со употреба на бои и маркери, да го објаснат:<br>а) Прва група: развојниот пат на старогрчкиот јазик (ΜΥΘΟΣ - Развоен пат на старогрчкиот јазик[4]);<br>б) Втора група: потеклото на романските јазици (ΜΥΘΟΣ - Потеклото на романските јазици).<br>4) Учениците ги репродуцираат сознанијата за класичните јазици со демонстрирање на схематскиот опис.<br>5) Изработките се изложуваат на паното во училница за потсетување. |

[1] Блог-порталот ΜΥΘΟΣ се наведува со изворно грчко писмо, а се чита „митхос“. Значењето на зборот е мит, митско предание или приказна. Во продолжение на текстот, отворените образовни ресурси од корпусот на ΜΥΘΟΣ ќе бидат обележани во надворешни хиперврски.

[2] Тематските презентации може да се прикажуваат на два начина: како **интерактивна дигитална форма** — вградена во веб-страница, каде што читателите, наставниците и учениците, самостојно ги прелистуваат слајдовите и анимираните елементи директно во прелистувачот, без потреба од презентер, или како **статички графички документ** во ПДФ-формат. Во главното мени на блог-порталот ΜΥΘΟΣ, читателот може да ги разгледа сите тематски презентации.

[3] Написите се блогерски записи од истражувачко-образовна природа кои на читателот на блог-порталот ΜΥΘΟΣ му овозможуваат да се стекне со проширени сознанија за одредена содржина на мултимедијален начин (текст, графички елементи, видео-записи, работни листови) и да ги репродуцира на начин каков што авторот на блогот го има замислено. Во главното мени на блог-порталот ΜΥΘΟΣ, читателот може да ги разгледа сите поставени написи и да ги употреби како наставен материјал за наставен час, за истражувачка или за проектна активност.

[4] Дополнителна база на податоци на блог-порталот ΜΥΘΟΣ претставуваат ресурсите. Тие може да бидат внатрешни или надворешни, во зависност од тоа каде се публикувани, и интерактивни, работни или информативни, во зависност од видот на ресурсите. За секоја тема и наставна содржина се наведени соодветни ресурси кои читателот може да ги употреби во пракса за време на или надвор од наставниот час. Читателот има можност да ги разгледа сите поставени ресурси по наставниот предмет Класична култура во главното мени на блог-порталот ΜΥΘΟΣ.

| | | |
|---|---|---|
| **3. Писмо и видови на писмо** | **1** | 1) Наставникот им поставува прашање за разбирање на поимот „писмо“.<br>а) Учениците споделуваат одговори индивидуално како што ги води текот на размислувањето. Одговорите се запишуваат на табла во куса формулација ако исказите им се во подолга реченица;<br>б) Наставникот ги подвлекува точните одговори или оние коишто блиску го определуваат поимот „писмо“, а потоа започнува со своето излагање, објаснувајќи им за потеклото и потребата од поседување на писмо во развиени човечки заедници.<br>2) Им ги посочува со демонстративни примери трите видови на писмо по хронолошки редослед и им укажува за нивната неминовност во градењето на цивилизација од колевката на примитивните култури. Од обележаните хиперврски, за да ја изложи содржината, наставникот може да ги употреби тематските презентации на ΜΥΘΟΣ – I 2. Писма или да го отвори написот ΜΥΘΟΣ - Развој на писмото и видови на писма;<br>а) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците колку се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината (ΜΥΘΟΣ – I 2. Писма).<br>б) Им задава домашна задача да истражуваат за потеклото на грчкото писмо и латиницата. Истражувачкиот труд можат да го изработат на компјутер во програма за обработка на текст (Office 360 Word, OpenOffice Writer) пропратен со илустрации.<br>Nota bene: *Доколку ученикот има слабо развиена вештина за работа во програми за обработка на текст, наставникот да го организира за работа во двојка со некој ученик што има развиена вештина од ИКТ за да заеднички го изготват ученичкиот истражувачки труд. Во случај на отсуство на техничка опрема, истражувачкиот труд ученикот може да го изготви на хартија во А1 формат. Останатите, трудот да го приложат во отпечатен облик.* |
| **4. Работилница: древни писари** | **1** | 1) Наставникот ги распоредува учениците во пар или во група од тројца. Некои ученици по личен избор може да работат индивидуално. Им најавува дека овој час е осмислен да се реализира во креативна работилница во којашто учениците имаат задача на импровизиран материјал за пишување да испишат *знаци* или *текст* на некое древно писмо. Учениците стапуваат во улога на древни писари.<br>2) Ресурсите за исполнување на задачата се следни: хартија, молив, црн маркер, дрвени боици по потреба и ножички.<br>3) Чекорите во остварување на тимска или индивидуална работа се следни: |

| | | |
|---|---|---|
| | | а) Хартијата се сече во облик на некој древен материјал за пишување, може да биде папирус или глинена плочка;<br>б) Учениците се служат со примери на древни изумрени писма за нивна визуелизација (ΜΥΘΟΣ - Древни изумрени писма за работилница: Древни писари);<br>в) Задачата може да се исполнува во двојка, во група од тројца и индивидуално;<br>г) Наставникот треба да им ги подели примерите за разнообразност во изработките;<br>д) Откако ќе ги испишат знаците, хартијата може да ја свиткаат во облик на ролна за да наликува на папирусен материјал за пишување;<br>ѓ) Учениците ги демонстрираат своите изработки накусо презентирајќи што изработиле и она што е важно е да направат споредба помеѓу современите писма кои ги познаваат и древните, степенот на сложеност во графијата и нивната применливост денес.<br>е) На крајот ги прикачуваат на ѕидно пано во училницата.<br>4) Оваа задача учениците можат да ја исполнат и на плочка изработена од глинамол заради автентичната форма во која се запазени историските извори. Од ресурси им се потребни: глинамол, чепкалка и картон како подлога. Глинамолот се моделира во облик на глинена плочка пред да почнат со врежување на симболи врз површината. |
| **5. Древни материјали и средства за пишување** | **1** | 1) Наставникот го запишува поимот „манускрипт“ на табла. Учениците споделуваат искази како предзнаења кои наставникот (или некој ученик) ги запишува под поимот.<br>2) Откако ќе се искажат неколку формулации за разбирање на поимот, наставникот им објаснува на учениците што претставува манускриптот демонстрирајќи им со фотографија. Потоа, накусо им објаснува за значењето на Гутенберговата печатница ставајќи посебен нагласок на природните и преработените материјали за пишување од древноста и за средствата со кои се оставале записи служејќи се со содржината од тематските презентации на ΜΥΘΟΣ – I 3. Древни материјали средства за пишување.<br>3) Служејќи се со отворени образовни ресурси од корпусот на ΜΥΘΟΣ, им ги покажува и објаснува материјалите и средствата за пишување од антиката и хартијата денес (ΜΥΘΟΣ - Восочна табличка, натпис на дрво и глинена плочка, ΜΥΘΟΣ - Папирус и ΜΥΘΟΣ - Пергамент).<br>4) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците колку се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во |

| | | |
|---|---|---|
| | | содржината [ΜΥΘΟΣ – I 3. Древни материјали средства за пишување]() или преку [ΜΥΘΟΣ - Образовно-забавна активност за историја на писменоста]() со употреба на СМАРТ-табла. |
| **6. Изработка на презентација за древни материјали и средства за пишување** | **1** | 1) Учениците се делат во четири групи или повеќе, во зависност од нивниот број, за изготвување на цртеж со опис на материјалите и на средствата за пишување.<br>а) Наставникот им ја запишува клучната терминологија на табла за да истражуваат за древните материјали (глинена плочка, восочна табличка, папирус, пергамент) и за средствата за пишување (каламус, стилус). За да интернет-пребарувачот индексира опширен квантум на веб-страници богати со описи и фотографии, се препорачува претрага со англиски клучни изрази. На пример: clay tablet (глинена плочка), wax tablet (восочна табличка), papyrus (папирус), parchment writing material (пергамент), calamus writing tool (каламус), ancient stylus (стилус), quill writing tool (перо);<br>б) Ако училницата располага со ИКТ опрема, наместо цртеж на хартија, учениците можат да изготват кратка презентација на компјутер во програма за обработка на текст.<br>2) Цртежот (или електронската презентација) го демонстрираат претставници од групите.<br>3) Цртежите се изложуваат на паното во училница. Електронските презентации му се доставуваат на наставникот по е-пошта. |
| **7. Грцизми и латинизми во македонскиот јазик** | **1** | 1) Наставникот ги проверува учениците дали ги разбираат поимите „латинизам“ и „грцизам“. Преку техниката бура на идеи се црпат предзнаењата на учениците. Ова може схематски да се претстави на табла со овални полиња: средишното овално поле го сочинува главниот поим, а страничните се експликативни.<br>2) Наставникот им објаснува со примери во македонскиот јазик (или во мајчиниот јазик на националностите) што претставуваат поимите од тематските презентации на [ΜΥΘΟΣ – I 4. Латинизми, грцизми и интернационализми](). Задолжително треба да им објасни дека огромна ризница на грчко-латинска терминологија е присутна во јазиците, науките, книжевноста, уметностите и често се употребува во медиумите, рекламната и забавната индустрија. Со ова треба да се подвлече *неминовноста на класичните јазици* и нивната сеприсутност во сегашноста.<br>3) Учениците се делат во парови. |

| | | |
|---|---|---|
| | | а) Имаат задача да ги откријат латинизмите и грцизмите во текст (МΥΘΟΣ - Вежба - Грцизми и латинизми);<br>б) Оваа вежба може да се спроведе интерактивно на СМАРТ-табла. За таа цел, изготвена е презентација која може да се пушти од корпусот на МΥΘΟΣ во обележаната хиперврска МΥΘΟΣ - Грцизми, латинизми и интернационализми во текст. Во презентацијата се откриваат грцизмите и латинизмите од текстот од точка 3, ред а).<br>4) Наставникот ги наведува учениците да заклучат со сеприсутноста на грчко-латинската терминологија преку интерлингвални паралели во странските јазици кои ги изучуваат. |
| **8. Латински и старогрчки поговорки** | **1** | 1) Преку техниката бура на идеи учениците се потсетуваат на поговорките од македонските умотворби и од разни книжевни дела на македонските поети и писатели.<br>2) Наставникот ги запознава воведно со содржината. Ја потенцира богатата духовна ризница на старите Хелени и Римјани.<br>3) Часот треба да се реализира со читање на латинските и старогрчките поговорки и нивниот македонски превод. Наставникот да го примени отворениот образовен ресурс преку хиперврската МΥΘΟΣ - Латински и старогрчки поговорки за читање и толкување. Секој ученик чита по една поговорка на изворен латински јазик и во превод толкувајќи го нејзиното значење.<br>Nota bene: *Низ овој процес на непосредно запознавање со латинскиот јазик, наставникот треба да им помогне правилно да ги прочитаат поговорките според фонетските правила во латинскиот јазик за местото на нагласокот преку надредниот знак иктус (или апекс). За лесно снаоѓање со нагласокот, слоговите за нагласување се обележани со иктус. Што се однесува до старогрчките поговорки, слоговите за нагласување се обележани на ист начин.*<br>4) Наставникот им задава задача да истражат до пет латински поговорки од книги, енциклопедии или од некој извор на интернет. Поговорките треба да се препишат на латински јазик со македонски превод. Според можностите на ученикот, поговорките можат да се изготват во програма за обработка на текст со слика од античка тема и да се отпечатат на хартија. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5) Преостанатиот дел од часот, наставникот да им ги провери знаењата од темата преку квиз-прашања од корпусот на ΜΥΘΟΣ на хиперврската ΜΥΘΟΣ - Интерактивен квиз од темата Класични јазици и историја на писменоста. |

| ТЕМАТСКИ КОМПЕТЕНЦИИ | |
|---|---|
| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ** | |
| **II ТЕМА** | **КЛАСИЧНА КНИЖЕВНОСТ** (8 ЧАСА) |
| **Знаења/вештини:** | |

- ✓ **ги разликува уметничките книжевни родови од античката книжевност во Европа;**
- ✓ **ги разбира особеностите на античкото епско творење;**
- ✓ **ги препознава прочуените антички епичари од Хелада и Рим и нивните епски дела;**
- ✓ **ги толкува стиховите од првото пеење на *Илијада* од Хомер познати со наслов *Mēnin aeide thea Pēlēiadeō Akhilēos* (Μῆνιν ἄειδε θεὰ Πηληϊάδεω Ἀχιλῆος) или *Гневот божице спеј го на Ахила синот Пелејев* или стиховите од пеењата на *Теогонија* или *Дела и дни* од Хесиод;**
- ✓ **ги разбира особеностите на античкото лирско творење;**
- ✓ **го препознава потеклото на лирата и на лирската поезија;**
- ✓ **ги препознава прочуените антички лиричари од Хелада и Рим и нивните епски дела;**
- ✓ **ја чита и анализира песната на поетот Катул од фрагмент 51 и химната на поетесата Сапфо *Химна до Афродита*;**
- ✓ **ги разликува двата драмски вида;**
- ✓ **ги разбира особеностите на драмата;**
- ✓ **ги препознава прочуените драмски поети од Хелада и Рим;**
- ✓ **ги обработува ликовите и настаните од драмскиот текст *Тројанска војна*;**
- ✓ **развива актерски вештини;**
- ✓ **развива вештини на лидерство и на тимско работење;**
- ✓ **ги разликува трите видови на говори во античкото говорништво;**
- ✓ **ги препознава прочуените говорници од Хелада и Рим;**
- ✓ **го симулира *Третиот говор против Филипа* од Демостен со читање.**

| **Ставови/вредности:** | | |
|---|---|---|
| ✓ развива почит кон класичната книжевност во Европа;<br>✓ ја уважува поезијата како творештво и уметност;<br>✓ се инспирира за творење;<br>✓ го вреднува значењето на Хомеровата *Илијада* и *Одисеја* како инспирација за подоцнежните поети;<br>✓ го вреднува значењето на античките епски, лирски и драмски дела како подлога на европското уметничко творештво;<br>✓ емоционално реагира кон творечките мисли и чувства на поетот изразени во класичното дело;<br>✓ ги вреднува јавниот говор и дискурс како облик на демократско изразување;<br>✓ ја вреднува драмската уметност;<br>✓ се поттикнува на критичко мислење;<br>✓ развива естетски вредности преку обработка на класичните дела. | | |
| **Наставни содржини** | **Број на часови** | **Активности** |
| **1. Античка епика** | **1** | 1) Наставникот ги запознава учениците накусо со книжевното творење во антиката служејќи се со хиперврската МΥΘΟΣ - II Увод во класичната книжевност.<br>2) Наставникот го запишува зборот „епика“ на табла и преку техниката brainstorming ги црпи предзнаењата на учениците. Ги запишува во кратка формулација на табла, а потоа ги поврзува нивните искази кои се блиски до објаснението на поимот „епика“.<br>3) Наставникот им укажува дека епиката има долги корени во минатото и потоа се повикува на античката хеленска и римска епика предочувајќи им ги во подробности особеностите на епското творење и прочуените епски поети и нивни дела. За таа цел, наставникот да ја употреби содржината од тематската презентација на хиперврска МΥΘΟΣ – II 1. Античка епика или со написот на блог-порталот МΥΘΟΣ - За античката епика.<br>4) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците во колкав опсег се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината МΥΘΟΣ – II 1. Античка епика. Усвоената содржина може интерактивно да се провери преку образовно-забавниот квиз на МΥΘΟΣ - Образовно-забавен квиз за античка епика со посредство на СМАРТ-табла. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5) Наставникот може, во зависност од слободното време, да го организира остатокот од часот во друштвена игра Сложувалка (ΜΥΘΟΣ - Сложувалки од темата Книжевност). Оваа игра се спроведува во неколку групи составена од пет ученика.<br>а) Ги групира учениците во зависност од нивниот број во паралелка;<br>б) Им дели кутивчиња со парчиња од сложувалката со ликот на Одисеј и неговата средба со сирените;<br>в) Првопласираните групи кои ќе успеат да ја сложат композицијата побрзо од останатите ги наградува симболично или ги оценува формативно. Првопласираните групи се рангираат од прво до трето место;<br>г) Се објаснува митската позадина на приказот на сложувалката. Сцената на коработ на Одисеј ја прикажува стравотната авантура кога милозвучните сирени, кои примамливо со глас ги соблазнувале неговите соборци да им се придружат на островот на сирените, всушност, дивјачки ги нападнале да ги уловат како плен и храна. За да ја избегне смртната опасност, Одисеј им наредил да го врзат за едрото. На тој начин, успеал да им одолее на магично привлечните гласови кои кобно заведувале. Воздржаноста била единствениот спас. Оваа сцена е извлечена од Хомеровата *Одисеја*;<br>д) Наставникот им поставува прашања за поттикнување на дискусија:<br>- Какви емоции ви предизвикува сцената на Одисеј со сирените?<br>- Каква поука може да се извлече од неа? На пр. воздржаност, самоконтрола пред секакви животни искушенија, остроумни потези при опасност и др.<br>- Како изгледаат сирените од Хомеровата *Одисеја* за разлика од оние од скандинавската митологија?<br>- Што се случило понатаму со Одисеј и неговите соборци (учениците ја развиваат имагинацијата)? |
| **2. Читање на антички епски дела (Хомерови епови *Илијада* и *Одисеја*, Хесиодов еп *Дела и дни*)** | | 1) По избор на наставникот, неколку ученици се ангажираат за читање на текст поврзан со Хомеровата *Илијада* од отворениот образовен ресурс ΜΥΘΟΣ - Античка епика - читање на извадоци од епски дела. Постапката за читање и интермедијалната рефлексија се одвиваат на следниот начин:<br>а) Секој ученик чита по еден параграф поделен во слајдови. Се потенцира македонскиот преведувач и препејувач на Хомеровите епови во духот на македонскиот поетски јазик како омаж кон нивниот лик и дело; |

| | | |
|---|---|---|
| | | б) Се развива дискусија за ликовите и позадината на тројанската војна;<br>в) Еден ученик ги чита стиховите во превод и препев од првото пеење на *Илијада*. Вкупен број на стихови се седум и тие се познати како *Mēnin aeide thea Pēlēiadeō Akhilēos*;<br>г) Се толкуваат стиховите во поглед на разбирањето и богатството на поетскиот израз, контекстот на збиднувањата, симболиката зад некои поими и употребата на споредби и епитети. Наставникот задолжително интервенира во случај на потешкотии во интерпретацијата на стиховите;<br>д) Наставникот им ги рецитира во дактилски хексаметар стиховите од првото пеење во препев на македонски поетски јазик и потоа на изворен хомерски јазик;<br>ѓ) Наставникот им поставува прашања:<br>🗣 Како ги доживувате стиховите на изворен хомерски јазик?<br>🗣 Дали може хомеровиот поетски јазик да го асоцирате со одреден јазик што сте го слушнале некаде?<br>🗣 Какви чувства ви поттикнува рециталот на наставникот?<br>2) По избор на наставникот, неколку ученици се ангажираат за читање на одломки од Хесиодовиот еп *Дела и дни* од отворениот образовен ресурс МΥΘΟΣ - Дела и Дни од Хесиод. Постапката за читање и интермедијалната рефлексија се одвиваат на следниот начин:<br>а) Секој ученик чита по една одломка од делото распределена во страници;<br>б) Се развива дискусија за контекстот, за моралната поука, вредностите, убедувањата и дискриминацијата од времето на поетот и колку тие се применливи и присутни денес;<br>в) Се подвлекува заклучок дека делото на Хесиод е поучно (дидактичко) и дека античките народи имале еднаква потреба за морално расудување каква што ја има современиот човек денес;<br>г) Им се остава простор на учениците самостојно да дадат оценка или став за моралот и за вредносниот систем на древните народи наспроти современите етички гледишта.<br>3) По избор на наставникот, еден ученик ги чита стиховите од третото пеење на Хомеровата *Илијада* од отворениот образовен ресурс МΥΘΟΣ - Сиже и стихови на Илијада од Хомер за читање каде што е прикажано вооружувањето на првенецот Парис од Троја. |

| | | |
|---|---|---|
| | | а) Се развива дискусија за оружјето и редот на вооружувањето;<br>б) Наставникот им поставува прашања:<br>- Какви емоции ви предизвикува менталната слика на вооружувањето на Парис?<br>- Дали воинственоста е вредносен критериум денес?<br>- Какви други начини можат да се употребуваат за разрешување на споровите и непријателските позиции помеѓу младите и помеѓу групи на луѓе? |
| **3. Античка лирика** | **1** | 1) Наставникот го запишува зборот „лирика“ на табла и преку техниката brainstorming ги собира предзнаењата на учениците. Потоа ги поврзува одговорите кои се блиски до поимот „лирика“ за да го констатира значењето.<br>2) Наставникот им укажува дека лириката, како епиката, има долговековна традиција како книжевен род и потоа се повикува на античката хеленска и римска лирика објаснувајќи ги особеностите на античкото лирско творење со нагласок кон прочуените лирски поети и нивната богата антологија. За реализација на часот, наставникот се служи со содржината од тематските презентации на ΜΥΘΟΣ – II 2. Античка лирика или со написот на блог-порталот ΜΥΘΟΣ - За античката лирика.<br>3) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците колку се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината ΜΥΘΟΣ – II 2. Античка лирика. Усвојувањето на знаењата може да се одвива интерактивно преку ΜΥΘΟΣ - Образовно-забавна спојувалка на двојки за античка лирика со посредство на СМАРТ-табла.<br>4) Наставникот може, во зависност од слободното време, да го организира остатокот од часот во друштвена игра Сложувалка (ΜΥΘΟΣ - Сложувалки од темата Книжевност). Оваа игра се спроведува во неколку групи составена од пет ученика.<br>а) Ги групира учениците во зависност од нивниот број во паралелка;<br>б) Им дели кутивчиња со парчиња од сложувалката со ликот на поетесата Сапфо, седната на балкон од нејзиниот дворец во градот Митилена на островот Лезбос;<br>в) Првопласираните групи кои ќе успеат да ја сложат композицијата побрзо од останатите ги наградува симболично или ги оценува формативно. Првопласираните групи се рангираат од прво до трето место; |

| | | |
|---|---|---|
| | | г) Се објаснува живописната идилична позадина. Делото му припаѓа на британскиот сликар Џон Вилијам Годвард. Тоа е насловено Reverie (франц. мечта) познато и како *Во гениовите на Сапфо* од 1904 год.;<br>д) Наставникот им поставува прашања за поттикнување на дискусија:<br>🗣 Какви емоции ви предизвикува ова уметничко дело?<br>🗣 Што си замислува поетесата Сапфо седејќи на балконот?<br>🗣 Зошто не постојат зачувани лирски дела од антички поетеси? Зошто жените, воопшто, биле слабо присутни како уметнички творци во антиката?<br>5) Како дополнителна активност по избор на наставникот, учениците се ангажираат да изработат цртеж со портрет на митскиот поет Орфеј и неговата лира со краток опис. Постапката е следна:<br>а) Учениците работат самостојно или во двојка;<br>б) Цртежот го изработуваат на хартија во А4 формат или на хамер-хартија;<br>в) За истражување на замислениот лик на Орфеј на интернет може да се употребат клучните поими, на пример: Orpheus's artistic portrayals;<br>г) Цртежот треба да содржи наслов, на пр. *Митскиот пејач Орфеј*, кус опис и во долниот десен агол податоци за авторите со следна формулација *Изработил(е): име и презиме, Одделение и паралелка, Наставен предмет: Класична култура, Име на училиштето, Учебна година и Ментор: (име и презиме на наставникот)*;<br>д) Се демонстрираат изработките пред одделението и се прикачуваат на посебно катче во училницата. |
| **4. Читање на антички лирски дела (Катул 51 или *Ille mi par*, Сапфина *Химна до Афродита*)** | **1** | 1) По избор на наставникот, неколку ученици се ангажираат за читање на Катуловата песна *Ille mi par* (*Ми се чини рамен на бога*) или Катул 51 и Сапфината *Химна до Афродита* (ΜΥΘΟΣ - Античка лирика - читање на лирска песна од Катул и Сапфо). Постапката за читање и интермедијалната рефлексија се одвиваат на следниот начин:<br>а) Еден ученик го чита воведот во Катуловата песна. Се потенцира македонскиот преведувач на делото како кон неговиот лик и дело за доследното пренесување на лиричната изразност во духот на македонскиот поетски јазик; |

| | | |
|---|---|---|
| | | б) Двајца од назначени ученици ги читаат изворните латински стихови (една строфа по слајд) со помош на наставникот, додека други двајца преводот и препевот на македонски поетски јазик;<br>в) Се развива дискусија за темата и за поетскиот израз (споредби, епитети, метафори);<br>г) Наставникот ги поставува следните прашања:<br>- Какви емоции ви предизвикува песната на Катул?<br>- Дали читањето на изворен латински јазик е тешко?<br>- Кој е оној што според Катул е „рамен на бога“?<br>- Во каков однос е Катул со девојката која ја именува со псевдоним Лезбија?<br>- На што сакал Катул да поучи со последните зачувани стихови за *царевиӣе и ӣаднаӣиӣе царсӣва*?<br>д) Се толкуваат стиховите во поглед на разбирањето и богатството на поетскиот израз, симболиката зад некои поими и употребата на споредби и епитети. Наставникот задолжително интервенира во случај на потешкотии во интерпретацијата на стиховите. Наставникот да им објасни дека Катуловата песна е латински превод на Сапфиниот фрагмент 31 (φαίνεταί μοι), односно дека римскиот поет бил инспириран од нејзината поезија, наведувајќи ги учениците да заклучат дека Римјаните биле под силно културно влијание од хеленската книжевност и уметност.<br>2) По избор на наставникот, неколку ученици се ангажираат за читање на Сапфината *Химна до Афродиӣа* (ΜΥΘΟΣ - Античка лирика - читање на лирска песна од Катул и Сапфо). Постапката за читање и интермедијалната рефлексија се одвиваат на следниот начин:<br>а) Наставникот чита по една строфа по слајд на старогрчки јазик (ајолско наречје), додека назначениот ученик ја чита строфата во превод и препев во духот на македонскиот поетски јазик. Задолжително се потенцира македонскиот преведувач и препејувач на Сапфината химна како омаж кон неговиот лик и дело;<br>б) Се развива кратка дискусија за инвокацијата, за барањата во молитвата и за чувствата на Сапфо (радост, тага, среќа, јад, мака и др.);<br>в) Наставникот им поставува прашања:<br>- Какви емоции ви предизвикува Сапфината песна? |

| | | |
|---|---|---|
| | | 🗣 Како се нарекува со еден збор повикувањето на боговите во песните (епски, лирски)?<br>🗣 Што побарала Сапфо од божицата?<br>🗣 Како ја доживеавте песната во рецитал на наставникот на изворен старогрчки јазик?<br>🗣 Како божицата го исполнила барањето во молитвата? *Учениците ја развиваат имагинацијата и проицираат мисли во иднина.* |
| **5. Античка драма** | **1** | 1) Наставникот го запишува зборот „драма“ на табла и преку техниката brainstorming ги собира предзнаењата на учениците. Потоа ги поврзува одговорите кои се блиски до поимот „драма“ за да го констатира значењето.<br>2) Наставникот им излага кратко предавање за драмата, нејзините особености и видови, им ги истакнува и славните претставници на двата драмски вида служејќи се со содржината од тематските презентации на ΜΥΘΟΣ – II 3. Античка драма или со написот на блог-порталот ΜΥΘΟΣ - За античката драма.<br>3) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците колку се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината ΜΥΘΟΣ – II 3. Античка драма.<br>4) Наставникот може, во зависност од слободното време, да го организира остатокот од часот во друштвена игра Сложувалка (ΜΥΘΟΣ - Сложувалки од темата Книжевност). Оваа игра се спроведува во неколку групи составена од пет ученика. Постапката е следна:<br>а) Ги групира учениците во зависност од нивниот број во паралелка;<br>б) Им дели кутивчиња со парчиња од сложувалката со призор од културниот живот на Хелените низ перспектива на антички театар;<br>в) Првопласираните групи кои ќе успеат да ја сложат композицијата побрзо од останатите ги наградува симболично или ги оценува формативно. Првопласираните групи се рангираат од прво до трето место;<br>г) Се објаснуваат деловите на театарот и неговата поврзаност со драмата;<br>д) Наставникот им поставува прашања за поттикнување на дискусија:<br>🗣 Каде во Македонија се зачувани антички театри?<br>🗣 По што се слични денешните театри со античките? Ако се слични, во што се слични и обратно, во што се различни? |

| | | |
|---|---|---|
| | | 🗣 Дали некои ученици присуствувале на сериозна драмска претстава (трагедија или комедија) во местото каде што живеат или на друго место? Какви им се впечатоците?<br>🗣 Дали центрите за култура организираат денови на трагедии или комедии или некои драмски фестивали?<br>🗣 Дали постои желба кај вас да се занимавате со актерство, режирање на драми, пишување на сценарија или кореографија?<br>5) Дополнително по избор на наставникот, учениците се ангажираат да изработат маски со лицето на музата Мелпомена (маска на трагедијата) и со лицето на музата Талија (маска на комедијата). Идејата за оваа активност е појаснета во последниот слајд како домашна задача од ΜΥΘΟΣ – II 3. Античка драма. Постапката може да се изведува како училишна или домашна задача во следниот редослед:<br>а) Учениците работат самостојно или во двојка;<br>б) Маската ја цртаат на картон во димензии малку поголеми од нивното лице;<br>в) Бојата на маските треба да биде монохроматска (црна и бела);<br>г) Маската треба да има преврска или ластик за да се придржува на лицето;<br>д) Ученикот може да изработи селфи-фотографии со маските (едната со црна, другата со бела маска), меѓутоа, позадината да има неутрална боја, а облеката налик на античките со импровизирани материјали;<br>ѓ) Наспроти горенаведената замисла, маските може да бидат различни (девојка, војник, старец, философ, божество, митско суштество и др.), доколку постои потреба да се истакнат во училница. Маските од древна Хелада нека послужат како пример од отворениот образовен ресурс ΜΥΘΟΣ - Театарски маски од древна Хелада. Сепак, наставникот да внимава да не се отстапува од познатата палета на маски што се употребувала од античките актери;<br>е) Се демонстрираат изработките пред одделението и се прикачуваат на посебно катче во училницата. |
| **6. Читање на драмски текст *Тројанска војна*** | **1** | 1) Наставникот овој час треба да го оствари во два пристапа: читање или драматизација. За разлика од првиот пристап, каде што учениците избираат улоги и ги читаат дијалошките партии за време на час, вториот пристап е сложен и подразбира претходна сеопфатна подготовка на учениците и драматизација како воннаставна активност. Содржината за обработка може да се преземе на следната |

| | | |
|---|---|---|
| | | хиперврска: [ΜΥΘΟΣ - Тројанска војна (драматизација на ликови и настани за претстава)].<br>2) Прв пристап:<br>а) Наставникот ги запознава воведно со содржината на драмата;<br>б) Ги распределува драмските лица по ученици и може да интервенира кога има нејаснотии во развојот на дејството, во митолошката позадина, да ја појасни причината за постапката кај одреден драмски лик врз основа на карактерот опишан во митолошките нарации и др.;<br>в) Учениците ги читаат редоследно сите дијалошки партии низ сцените и дискутираат со наставникот за заплетот и расплетот на приказната;<br>г) По завршувањето на последната сцена, наставникот им објаснува што се случило отпосле;<br>д) Се прави анализа на драмските ликови и нивните дејства за заплетување и расплетување на проблемот од приказната;<br>ѓ) Читањето на драмскиот текст треба да им послужи на учениците за драматизација на приказната како вонnаставна активност.<br>3) Вториот пристап подразбира драматизација на драмските ликови и настани од текстот. Пожелно е да се изведе во некоја просторија на училиште специјализирана за драмски претстави и манифестации или во пространа училница.<br>а) Учениците претходно се подготвуваат кореографски, можат да се употребуваат и маски по желба, се усвојуваат дијалошките партии и се поставува мизансцената. Претходната подготовка подразбира серија на средби за проба и општа проба на сите сцени за време на воннаставни активности;<br>б) Драматизацијата е пожелно да се спроведе кога училиштето бележи значајни денови или спроведува манифестации отворени кон јавноста со што би се придало значење не само на училиштето, туку и на предметот Класична култура под менторство на наставникот;<br>в) Наставникот пожелно е да ја документира драматизацијата со видео-запис и/или фотографски запис.<br>4) Покрај драматизацијата на епското дело *Илијада* или *Тројанска војна*, наставникот по избор може да ја обработува со учениците комедијата *Богатство* ([ΜΥΘΟΣ - Античка драма - читање на извадок од Аристофановата комедија Богатство]) од комичкиот поет Аристофан. Таа содржи сиже и одломки од драмата за читање. За |

| | | |
|---|---|---|
| | | разлика од драматизацијата на *Тројанската војна*, каде што јазикот и стилот е адаптиран на возраста на учениците, одломките од драмата на поетот Аристофан се автентични со превод и препев на македонски јазик.<br><br>Nota bene: *Читањето и разбирањето на изворните текстови на античките хеленски или римски драми подразбираат сложени спознајни процеси (историско-културолошка, философска и јазична епистемологија). Тие се неприлагодени кон јазикот, стилот и степенот на когнитивниот развој на ученици од 11-годишна возраст.* |
| **7. Читање на извадок од Демостеновиот *Трети говор против Филип*** | **1** | 1) Наставникот накратко им ја изложува содржината за античкото говорништво служејќи се со содржината од тематската презентација МΥΘΟΣ – II 4. Античко говорништво или со написот од блог-порталот МΥΘΟΣ - За античкото говорништво.<br>2) Часот треба да се одбележи со читање на Демостеновиот *Трети говор против Филипа*. Текстот може да се чита од врската до содржината објавена во точка 1 или од посебна содржина на следната врска: МΥΘΟΣ - Трет говор против Филип од Демостен (за читање). Читањето се одвива според следниот редослед:<br>а) Првин, еден од учениците го чита историскиот вовед за кој е напишан говорот;<br>б) Потоа, наставникот распределува два или тројца ученици за читање на говорот. Пожелно е при читање да се подражава (симулира) беседничкиот израз, односно ученикот да се стави во улога на говорник и да го чита говорот на начин како тоа би го читал оној кој е противник на нечија идеја или подвиг;<br>в) На крајот се анализира текстот и се одговара на прашањата.<br>3) Наставникот поставува дополнителни прашања да ги стимулира учениците да се интересираат за одржување на јавни говори по разни поводи и развивање на лидерски вештини:<br>- Дали имате желба да бидете водител на некоја училишна програма?<br>- Познавате ли некои говорници кои често се присутни во медиумите?<br>- Сметате ли дека говорниците имаат моќ да управуваат со голема маса на луѓе?<br>- Какви видови на говори сте слушале од денешните актуелни говорници? |

| | | |
|---|---|---|
| **8. Проверка на знаењата** | **1** | 1) Наставникот им објаснува на учениците дека часот е од видот *усна* или *писмена проверка*<br>2) Изготвените усни прашања им се задаваат на одделни ученици за проверка и потврдување на знаењата. Писмените проверки се остваруваат со тест на знаење кој наставникот е должен да го изготви. Прашањата треба да бидат внимателно осмислени или може да се применат оние од рубриката *Да повториме што научивме* во дигиталните содржини.<br>3) Сумативната оценка се одредува преку сите формативни проверувања од првите две тематски подрачја заклучно со овој час. |

| **ТЕМАТСКИ КОМПЕТЕНЦИИ** | |
|---|---|
| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ** | |
| **III ТЕМА** | **КЛАСИЧНА МИТОЛОГИЈА** (10 ЧАСА) |
| **Знаења/вештини:** | |
| ✓ **ги разликува поимите *мит* и *митологија*;**<br>✓ **ги препознава видовите на митови според митската типологија;**<br>✓ **ја разбира потребата на древните народи од создавање на митска граѓа за поимање на појавите и на природните процеси и законитости;**<br>✓ **ги препознава особеностите на митологијата на класичните народи во Европа;**<br>✓ **ја разбира природата на митолошките ликови *богови*, *херои* и *митски суштества/чудовишта*;**<br>✓ **ги распознава митските ликови во класичната митологија врз основа на нивната физиономија и симболичноста;**<br>✓ **репродуцира митска приказна;**<br>✓ **изготвува стрип-постер со секвенции од митска приказна;**<br>✓ **ги именува боговите на додекатеонот, нивната улога и симболика;**<br>✓ **ги опишува вербално или визуелно митските ликови по сопствена замисла;**<br>✓ **изготвува истражувачки труд од подрачје на митологијата.** | |
| **Ставови/вредности:** | |
| ✓ **развива почит кон митовите како вдахновение за поетите, писателите и научниците;** | |

- ✓ **изразува мислење за објективноста на митолошките ликови и собитијата во митовите;**
- ✓ **го согледува развојниот пат на монотеизмот од политеизмот;**
- ✓ **извлекува наравоучение од митска нарација;**
- ✓ **ја споредува онтолошката природа на боговите со човечката;**
- ✓ **го оценува моралното поведение на боговите и хероите;**
- ✓ **се поттикнува на творечко изразување засновано на инспирација од митолошки лик/собитие.**

| Наставни содржини | Број на часови | Активности |
|---|---|---|
| **1. Увод во митологија** | **1** | 1) Наставникот го запишува поимот „мит“ на табла и преку техниката brainstorming ги црпи предзнаењата на учениците. Потоа ги поврзува одговорите кои се најблиски до поимот „мит“. Истата техника ја применува со поимот „митологија“.<br>2) Наставникот ги запознава учениците со новата тема. За таа цел, се служи со содржината од тематските презентации на ΜΥΘΟΣ - III Увод во митологија или со написот на блог-порталот ΜΥΘΟΣ - Мит, митологија и видови на митови.<br>3) Наставникот им ги определува разликите помеѓу поимите „мит“ и „митологија“, а потоа им ја предочува типолошката поделба на митови.<br>4) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците колку се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината ΜΥΘΟΣ - III Увод во митологија.<br>5) Наставникот како домашна обврска им препорачува литература за читање на митови (*Грчки митови* од Паскал Гилевски или *Најубавите митови* од Густав Шваб). Обврска на секој ученик е да прочита најмалку две, но може и повеќе приказни од хеленската или римската митологија. Препорачаните митови се посочени во содржината за предавање.<br>6) За да не се случи повторување на иста митска нарација од повеќе ученици, наставникот може да им распредели митски наслови кои треба да се обработат. На пример, еден ученик добива задача да го прочита митот за Прометеј, другиот митот за петте рода, третиот митот за ќупот на Пандора, четвртиот митот за Наркис итн.<br>7) Наставникот им поставува прашања за поттикнување на дискусија:<br>🗣 Дали сте прочитале некој мит досега? Можете ли да го раскажете накратко? |

| | | |
|---|---|---|
| | | 🗣 Какви емоции ви предизвика, пријатни или непријатни и зошто?<br>🗣 Има ли некакво наравоучение во древните митови?<br>🗣 Дали сметате дека сите ликови и настани во митолошкиот свет се измислица на човечкиот ум?<br>🗣 Зошто денес луѓето немаат потреба да измислуваат митови?<br>🗣 Дали сте проследиле некаква анимирана содржина со митови? Опишете ја.<br>🗣 Дали сте играле компјутерска игра со митски ликови и настани? Која?<br>🗣 Имате ли желба да изработите цртеж или да пишувате прозен/поетски состав за некој лик или настан од митолошкиот свет?<br>🗣 Дали митовите ве мотивираат да размислувате и да творите нешто?<br>8) Наставникот може да се послужи со едукативна игра спојувалки МΥΘΟΣ - Додекатеон (12 олимпски божества) за да го разбуди интересот за митологијата. За активирање на играта потребна СМАРТ-табла. |
| **2. Хеленска и римска митологија** | **1** | 1) Наставникот го проверува предзнаењето на учениците за поимите „мит“ и „митологија“.<br>2) Наставникот ги поучува учениците дека на европскиот континент многу цивилизации оставиле усно книжевно наследство. Потоа потенцира дека во корените на наследството во Европа лежи хеленскиот митолошки корпус, а делумно и римскиот. Со уводот во митологија го почнува своето излагање. Наставникот се служи со изготвена тематска презентација на МΥΘΟΣ – III 1. Хеленска и римска митологија. Исто така, по потреба, може да се послужи со написот на блог-порталот МΥΘΟΣ - Увод во хеленската и римската митологија.<br>3) Во тек на излагањето, ги запознава со поредокот на олимпските богови, присуството на хероите и митските суштества, меѓутоа, не со опишување на нивното митско потекло. Тоа е предвидено за следниот наставен час.<br>4) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците во колкав обем се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината МΥΘΟΣ – III 1. Хеленска и римска митологија.<br>5) Наставникот им задава обврска за следниот час задолжително да прочитаат најмалку два грчки мита од предложениот избор на митови посочени во тематската презентација од претходниот час или по избор на ученикот.<br>6) Се развива кратка дискусија: |

| | | |
|---|---|---|
| | | 🗣 Каков би бил светот денес ако опстанало верувањето во олимпските богови?<br>🗣 Постои ли некоја држава во која политеизмот е званичен религиозен правец? Ако знаете, наведете која.<br>🗣 Какво денес го подразбираме концептот за херојот и хероизмот денес наспроти антиката?<br>🗣 Зошто во западната филмска индустрија хероите често се застапени како протагонисти? Има ли хероизмот во филмовите некаква врска со античкото наследство?<br>🗣 Што би направиле за светот во кој живеете ако би имале моќ рамна на антички херој? |
| **3. Космогониски и теогониски митови** | **1** | 1) Наставникот се поставува во улога на *раскажувач на приказни*. Првично, за да ги запознае учениците со хеленската митологија, потребно е да им ја објасни космогониската матрица, т.е. постанокот на светот, а потоа и теогониската, заклучно со поредокот на олимпските божества.<br>2) Наставникот треба да ги раскаже трите космогониски верзии за постанокот на светот: *орфичка*, *пелазгиска* и *олимпска*. За реализација на овој час, да се послужи со написот на блог-порталот МΥΘΟΣ - Космогониски митови во хеленската митологија. За целосно доживување на митските описи поврзани со космогонијата, концептот е пожелно да им го предочи визуелно на учениците, демонстрирајќи ги сликите во написот или мултимедијално од други надворешни извори.<br>3) За време на излагањето, од особена важност е наставникот да ја следи сосредоточеноста на учениците кон темата, нивните прашања и фантазијата која ја развиваат преку поставените прашања и изразените мислења.<br>4) Родословието на боговите наставникот може да го раскажува одделно. Фокусот треба да биде ставен на неверојатните замисли на митскиот ум за генеза на одредено божество. На пример, за двојното раѓање на богот Дионис (в. МΥΘΟΣ - Богот Дионис и неговиот култ во античка Хелада) или за чудесното раѓање на божицата Атена. Наставникот треба да истакне дека природата на теогонијата е поинаква од антропогенијата, со спротивностите и сличностите, како и димензионалноста на битието. Фантастичните описи од нивната теогонија имаат за цел развивање на имагинацијата која е клучна за поттикнување на творечките потенцијали кај младите личности во развој. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 5) Наставникот им поставува прашања за поттикнување на дискусија:<br>🗣 Какви емоции ви предизвикува космогонијата?<br>🗣 Кој космогониски мит посебно ви остави впечаток?<br>🗣 Како ја замислувате божицата Евринома?<br>🗣 Кој лик особено ве привлече во раскажаните космогониски митови? Зошто? Има ли посебна причина за тоа?<br>🗣 Што се случило отпосле, откако олимпските божества го воспоставиле новиот поредок на светот?<br>🗣 Кои се негативците во олимпскиот космогониски мит за постанокот на светот и боговите?<br>🗣 Во кое божество се препознавате?<br>🗣 Зошто боговите не им каделиле вечен живот на луѓето?<br>6) Наставникот им навестува дека следниот час учениците раскажуваат митови според предложениот избор или по нивен личен избор. |
| **4. Хеленски митови (учениците раскажуваат)** | **1** | 1) Наставникот ги ангажира учениците да раскажуваат митски нарации. Пожелно е приказните да бидат различни.<br>2) Учениците кои не ја исполниле обврската од оправдани или неоправдани причини, се задолжуваат да читаат митска приказна на час и да дискутираат за настаните, ликовите и нивните постапки.<br>3) По секоја нарација, наставникот треба да поттикне дискусија меѓу учениците. Дискусијата треба да заврши со извлекување на заклучоци: ставови и вредности. Заклучоците треба да се рефлектираат врз постапките на луѓето во реалноста за тоа каква им е етичката димензија и каков суд се дава: дали е таквата постапка добра или лоша, прифатлива или неприфатлива, применлива или неприменлива и др. Митовите се тесно поврзани со влијанието и опстанокот на човекот во заедницата и со неговата „грешна“ природа да се приклонува кон злото наспроти доброто, така што наставникот треба да ги поврзува нишките заедно со учениците и заклучоците да ги употреби како очекуван исход од целите на часот.<br>4) Наставата треба да се одвива во амбиент кој нема да изискува графички симулации на наративните излагања на учениците со посредство на компјутерски уреди или на СМАРТ-табла, за да им се пружи можност на учениците да ги визуелизираат настаните и ликовите во нивните замисли. Заднинска звучна мелодија |

| | | |
|---|---|---|
| | | како аудитивна дразба може да придонесе за насочување на вниманието и за акумулација на мисловните слики, ако во училницата постојат услови кои овозможуваат мултимедијалност.<br>5) Заклучоците треба да содржат продуктивна, оптимистичка и позитивна нота.<br>6) Преостанатиот период од часот може да се исполни со интерактивен квиз од прашања со повеќечлен избор на одговори од тековната содржина *хеленска и римска митологија*. За оваа активност потребна е СМАРТ-табла. Хиперврска до квизот: ΜΥΘΟΣ - Образовно-забавен квиз за класична митологија со повеќечлен избор на одговори. |
| **5. Работилница: стрип со митска приказна** | **1** | 1) Наставникот ги распределува учениците во тимови за да брзо и ефективно изготват стрип со митска подлога. Учениците кои претходниот час раскажувале митови, нивната содржина треба да ја преточат во стрип. Учениците кои не ги исполниле задолженијата, наставникот може да ги ангажира како нечии помошници. Тимската организација може да се подели во двојка или во група од тројца.<br>2) Потребни ресурси се следниве: лист од блок или хамер-хартија, линијар, црн маркер, дрвени боички или фломастери, колоритна декоративна хартија, молив и гумичка.<br>3) Наставникот има ја објаснува постапката за изготвување на стрип пред отворање на работилницата. Наставникот да ја покаже схемата од отворениот образовен ресурс ΜΥΘΟΣ - Како да изработиш стрип?, додека постапката по која ќе работат учениците треба се одвива по овој редослед:<br>а) Учениците заеднички планираат колку сцени им се предвидени за распределба на содржината од митот;<br>б) Сцените ги делат во сегменти од правоаголници или квадрати. Сегментите треба да бидат исцртани со молив, а на крајот повторени со црн маркер. За исцртување се употребува линијар;<br>в) Во горниот простор на маргината треба да се запише насловот на митот, на пр. Митот за петте рода. Наставникот ја стимулира нивната креативност во осмислување на дизајнот на буквите. Исклучиво се употребува кирилично писмо;<br>г) Во сцените се цртаат протагонистите од митот и просторот во кој се одвива приказната;<br>д) Дијалогот или монологот на ликовите се впишува во облачиња. Овалното облаче означува директен и јасен, додека набабреното означува мисловен говор; |

| | | |
|---|---|---|
| | | ѓ) Се бојадисува позадината. Маргините се бојадисуваат со колоритна хартија. Може и во засечени облици. Колоритната хартија не треба да се употребува во секоја белина. Таа има декоративна намена;<br>е) Во долниот простор на маргината, во десен или лев агол, учениците задолжително да ги запишат авторските податоци: име и презиме на ученици, паралелка, одделение, наставен предмет, ментор (име и презиме на наставник), основно училиште и учебна година.<br>4) Наставникот ја набљудува активноста и интервенира по потреба или барање на ученик.<br>5) Од непроценливо значење е секој од учениците да учествува во некој од тимовите за да развива вештини и способности. Работилниците имаат практична цел и се одличен амбиент за развивање на вештини (комуникативни, кооперативни, тимски) и способности (организациски, аналитички, лидерски). |
| **6. Презентирање на стрипови** | **1** | 1) Наставникот ги распоредува учениците за презентирање на стрип пред одделението.<br>2) Изведбената активност се одвива во четири чекора од кои првите два претставуваат *проекција*, а преостанатите два чекора *евалуација* на делото:<br>а) Презентација: Тимот истапува пред соучениците, се договара кој од учесниците да биде во улога на презентер за да го раскажува митот низ сценските сегменти;<br>б) Демонстрација: Другиот учесник ја објаснува распределбата на должностите со покажување, како на пр. кој го изработил насловот, кој ги бојадисувал и декорирал маргините, кој ги цртал протагонистите и заднината и др;<br>в) Критичко мислење: соучениците даваат критички мислења за стрипот и целата изведба. Наставникот да инсистира критиката да биде објективно изразена, сеедно дали е позитивна или негативна. Доколку е негативна, ученикот критичар треба да предложи конструктивно решение. Под конструктивно решение се мисли на *можно надминување на пропусти и недостатоци* во некоја последователна тимска работа. Во овој чекор се гради личен став по однос на нечие дело;<br>г) Оценка: оценување на делото се врши од соучениците на симболичен начин (со бројка или смешко). Оценувањето на тимскиот труд од соучениците не влијае врз оценката на наставникот. Во овој чекор се поттикнуваат учениците меѓусебно да си даваат оценки за трудот кој го вложиле. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 3) Сите стрипови треба да се истакнат во училницата на пано. Ако не постојат простор услови за тоа, се предлага поинакво решение. Делата на учениците треба да се истакнат на видно место. |
| **7. Дванаесетте олимпски богови и херои** | **1** | 1) Наставникот ги запознава учениците со додекатеонот или власта на дванаесеттемина Олимпијци. Отворени образовни ресурси за излагање на содржината има на видео-хостинг сервисот ЈуТјуб и на блог-порталот на ΜΥΘΟΣ:<br>а) Видео-запис на ЈуТјуб-каналот на ΜΥΘΟΣ, на следната хиперврска ΜΥΘΟΣ - Дванаесет олимпски богови;<br>б) Напис за некои божества на блог-порталот ΜΥΘΟΣ - За додекатеонот или 12-те олимпски богови - прв дел и<br>в) Тематска презентација на блог-порталот на следната хиперврска ΜΥΘΟΣ - Дванаесетте олимпски богови или Додекатеон.<br>2) Се развива дискусија за нивната природа, улога и симболи.<br>3) Наставникот ги запознава учениците со хероите од хеленската митологија, може да избере три отворени образовни ресурси за излагање на содржината:<br>а) Видео-запис на ЈуТјуб-каналот на ΜΥΘΟΣ, на следната хиперврска ΜΥΘΟΣ - Херои од хеленската митологија (вонредно издание);<br>б) тематска презентација на блог-порталот на следната хиперврска ΜΥΘΟΣ - Херои и<br>в) дидактички материјал за хероите предвиден за ликовна активност (цртање и бојадисување) на следната хиперврска ΜΥΘΟΣ - Графички прикази и описи на херои за цртање.<br>4) Се води дискусија додека наставникот им ги претставува херојските ликови и нивната инволвираност во митолошките собитија.<br>5) Наставникот поставува дополнителни прашања за да ги стимулира учениците да размислуваат за политеизмот и херојството:<br>- Зошто класичните народи на боговите им придавале човечки облик?<br>- Дали хероите се бесмртни?<br>- Дали хероите живееле на Олимп? Постои ли некој херој меѓу Олимпијците?<br>- Зошто во некои цивилизации боговите немале антропоморфен облик?<br>- Во кој бог или божица се препознавате? |

| | | |
|---|---|---|
| | | 🗣 Зошто боговите биле безмилосни и беспоштедни кон грешките (хибрис) на луѓето во митолошките собитија? |
| **8. Митски суштества и чудовишта** | **1** | 1) Наставникот го проверува предзнаењето на учениците за митските суштества и чудовишта. Ги прашува дали ги разликуваат поимите *суштество* и *чудовиште*. Им ја појаснува разликата за да ја исклучи недоумицата: *суштеството* има разум и јазикот му е словесен без оглед на обличјето, за разлика од *чудовиштето* кое има немушт јазик и е свирепо.<br>2) Ги запознава со неколку фантастични ликови преку тематската презентација ΜΥΘΟΣ - Митолошки суштества и дидактичкиот материјал ΜΥΘΟΣ - Графички прикази и описи на митски суштества за цртање предвиден за ликовна активност – цртање.<br>3) За запознавање со други митски суштества, наставникот да се послужи со видео-записот на Јутјуб-каналот ΜΥΘΟΣ - Дванаесетте подвизи на херојот Херакле (вонредно издание) или доколку наставникот има потреба самостојно да го раскажува митот, да ја отвори содржината на тематската презентација на ΜΥΘΟΣ - Дванаесетте Хераклеви подвизи.<br>4) Се води дискусија додека наставникот им ги претставува митските суштества и чудовишта и нивната врска со митолошките собитија.<br>5) Наставникот поставува дополнителни прашања за да ги стимулира учениците да размислуваат за мешанците и другите митски суштества:<br>🗣 Зошто древните народи во митовите имале потреба да измислуваат суштества мешанци помеѓу луѓето и животните?<br>🗣 Дали постојат некои божества во зооантропоморфен облик? Во чија митологија се присутни, ако постојат?<br>🗣 Кое митско суштество или чудовиште ви предизвика негативна емоција, а кое позитивна? Објаснете.<br>🗣 Дали е биолошки возможно да се создаваат хибриди помеѓу луѓе и животни?<br>🗣 Каков впечаток ви остави хероизмот на Херакле во неговите дванаесет подвизи?<br>🗣 Кои митски суштества и чудовишта запознавте во неговите подвизи? |

| | | |
|---|---|---|
| | | 6) Наставникот им задава домашна задача на учениците на тема *Моето омилено божество, херој и митско суштество/чудовиште*. Им ги посочува важните точки:<br>а) Учениците во домашни услови треба да изработат постер со три лика од митологијата: еден од олимпските божества, еден херојски лик и едно митско суштество или чудовиште;<br>б) Учениците може да работат во двојка или во група од тројца ако постои интерес и можност за соработка вон училиште;<br>в) Постерот треба да се изработи со наслов *Класична митологија*, со украси на маргините, со ликови и кратки описи на митолошките ликови и авторски податоци во долниот десен агол од постерот;<br>г) Ресурси за исполнување на задачата: хамер-хартија во мали димензии, молив, гумичка за бришење, фломастери или дрвени боици, црн маркер. Ако во училницата нема просторни услови за прикачување на пано, тогаш се препорачува постерите да се прикачат на ѕид. За да се стојат во висечка положба, треба да се залепат две дрвени летвички, на врвот и на дното, и цврста врзалка за држење на клинец.<br>7) Наставникот може да ги предизвика учениците да се проверат себеси колку поседуваат предзнаења за митските суштества и чудовишта со активирање на квизот од следната хиперврска: МYΘOΣ - Образовно-забавен квиз за митски суштества и чудовишта. |
| **9. *Одисеја* (1997) филмски серијал** | **2** | 1) Наставникот ги запознава со настаните пред заминувањето на јунакот Одисеј во војна против Троја. Митот за златното јаболко е предание кое ѝ претходи на тројанската војна.<br>2) За објаснувањето на настаните кои придонеле кон остварување на воениот поход против Троја наставникот да се послужи со сижето на епската песна *Илијада* на следната хиперврска МYΘOΣ - Сиже и стихови на „Илијада“ од Хомер (за читање и анализа) во поглавјето *Митот за златното јаболко како објаснение за причината на војната*.<br>3) Наставникот им го проектира филмскиот серијал *Одисеја* од 1997 година, изработен во две долгометражни епизоди. Со оглед на тоа што серијалот трае 2 часа и 56 минути, наставникот може во секвенции да им ги прикажува настаните поврзани со Одисеевите патувања и опасните авантури со боговите, митолошките суштества и чудовишта. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4) Податоци за серијалот наставникот да побара на следната хиперврска на IMDB (Меѓународна база на податоци за филмови) The Odyssey (1997). Обврска на наставникот е да го обезбеди видео-материјалот или да го побара на легални портали кои функционираат на база *стримување*.<br>5) Во интерес на времето и заради исполнетоста на тематската целина, проекцијата на серијалот треба да се одвива во два последователни часа.<br>6) По завршувањето на проекцијата, наставникот ги повикува учениците да ги споделат впечатоците од настаните, протагонистите и негативците. Се развива дискусија, се поттикнува критичко мислење. |

| ТЕМАТСКИ КОМПЕТЕНЦИИ | |
|---|---|
| **РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ** | |
| **IV ТЕМА** | **КЛАСИЧНА АРХИТЕКТУРА И УМЕТНОСТ** (10 ЧАСА) |
| **Знаења/вештини:** | |
| ✓ **да го познава значењето на поимот *архитектура* и потеклото на зборот;**<br>✓ **да ја препознава структурата на храмот и театарот како претставителни зданија на древната хеленска архитектура;**<br>✓ **да ги разликуваат трите типа на столбови како градежни елементи во класичното монументално градежништво;**<br>✓ **да ја препознава структурата на триумфалната порта, римските бањи, аквадуктите и римската приватна куќа како претставителни зданија на древната римска архитектура;**<br>✓ **да репродуцира структура на древна градба како цртеж или макета;**<br>✓ **да ги препознава и разликува трите вајарски облици;**<br>✓ **да ја препознава древната хеленска грнчарија по обликот, стилот на сликање и декоративните елементи;**<br>✓ **да прави разлика меѓу геометрискиот, ориенталниот, црнофигуралниот и црвенофигуралниот стил на сликање во хеленското вазно сликарство;**<br>✓ **да разбира што е *фреска* и каква била техниката за нејзина изработка.** | |

| Ставови/вредности: |
|---|
| ✓ да го вреднува историското и културното значење на градбите од античкото материјално наследство на Хелада и Рим;<br>✓ да го развива *чувството на трајна вредност* преку творечко изразување на архитектонски дела од антиката;<br>✓ да го вреднува историското, културното и уметничкото значење на вајарските дела од античкото материјално наследство на Хелада и Рим;<br>✓ да го развива *чувството на трајна вредност* преку творечко изразување на вајарските облици од антиката;<br>✓ да го вреднува историското, културното и уметничкото значење на ликовните дела во вазното сликање и во фреско-сликарството;<br>✓ да го вреднува историското, културното и уметничкото значење на вазната уметност и на фреско-сликарството во археолошките наоѓалишта Помпеи и Херкуланеум;<br>✓ да го развива *чувството на трајна вредност* со мимеса на ликовни прикази и декорации врз глинени садови;<br>✓ развива сопствен став за облиците на уметноста од антиката до денес. |

| Наставни содржини | Број на часови | Активности |
|---|---|---|
| **1. Античка хеленска архитектура** | **1** | 1) Наставникот го запишува зборот „архитектура“ на табла и преку техниката brainstorming ги собира предзнаењата на учениците. Потоа ги поврзува одговорите кои се блиски до поимот „архитектура“.<br>2) Наставникот ги запознава учениците со поимот „архитектура“ и ги воведува во новата содржина служејќи се со тематските презентации на МΥΘΟΣ – IV 1.1. Хеленска архитектура. За опширен опфат на градивото за излагање, пожелно е да ги разгледа написите на блог-порталот МΥΘΟΣ - За обликот и функцијата на хеленскиот храм и МΥΘΟΣ - За обликот и функцијата на хеленскиот театар.<br>3) Наставникот постапно им ги објаснува двете претставителни монументални зданија на хеленската архитектура, храмот и театарот. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците колку се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината МΥΘΟΣ – IV 1.1. Хеленска архитектура.<br>5) Наставникот им ја објаснува постапката на работа за претстојната работилница во која ќе бидат ангажирани. Им задава подготвително задолжение пред работилницата да донесат фотографски примероци на градбата за која ќе изработат постер или цртеж.<br>6) Наставникот им поставува прашања за поттикнување на дискусија:<br>🗣 Дали сте имале прилика да посетите антички театар или храм?<br>🗣 Каде сте ги посетиле?<br>🗣 Какви емоции ви предизвика присуството до тие градби?<br>🗣 Дали претходно сте ги виделе градбите на некој медиум или во книга?<br>🗣 Во кој контекст ви се прикажани градбите?<br>🗣 Дали сте сретнале некаде столбови налик на трите типа од антиката?<br>🗣 Имате ли желба да посетите некој антички храм или театар?<br>🗣 Има ли зачувано антички храмови и театри во Македонија? Ако има, каде се наоѓаат?<br>🗣 Кои градби денес приличат на античките храмови и театри? Што мислите, зошто се градат сè уште во истиот стил и облик? |
| **2. Античка римска архитектура** | **1** | 1) Наставникот го проверува предзнаењето на учениците за градбите и столбовите од хеленската архитектура.<br>2) Наставникот ги поучува учениците дека на европскиот континент многу цивилизации оставиле материјално наследство во архитектурата. Новата содржина со која ги запознава е римската архитектура, а хиперврската од тематската презентација за нејзино реализирање е следнава: МΥΘΟΣ – IV 1.2. Римска архитектура. Исто така, може да се послужи со написите на блог-порталот (МΥΘΟΣ - За живеалиштата на Хелените и Римјаните и МΥΘΟΣ - За изгледот и функцијата на римските бањи наречени терми).<br>3) Во тек на излагањето, ги запознава со четирите претставителни градби на римската архитектура и со нивните елементи во структурата. Од особено значење е учениците визуелно да ја меморираат градбата и преку демонстративниот метод да ја препознаваат, додека елементите во структурата да ги објаснуваат според нивната функција (естетска, употребна, симболична). |

| | | |
|---|---|---|
| | | 4) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците колку се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината ΜΥΘΟΣ – IV 1.2. Римска архитектура.<br>5) Наставникот ги потсетува за работилницата која треба да се спроведе во два наставни часа. Им задава подготвително задолжение пред работилницата да донесат фотографски примероци на градбата за која ќе изработат постер или цртеж.<br>6) Се развива кратка дискусија:<br>- Како им поминувал денот на Римјаните во римските јавни бањи?<br>- Дали имате посетено некаква бања? Какви впечатоци имате од присуството во неа?<br>- Дали нивните тоалети (латрини) биле налик на нашите современи?<br>- Дали би живееле во римската куќа? Како би го поминувале денот во неа, каде би се движеле и што би правеле?<br>- Кој дел од римската куќа посебно ве привлекува и зошто?<br>- Зошто денес за победниците во спортско натпреварување (првенство, шампионат) или во некои други постигања од областа на науката и културата народите немаат обичај да им подигаат триумфални споменици од видот на триумфалните порти? Како се чествуваат победниците денес?<br>- Дали аквадуктите се употребуваат и денес за дотур на вода во резиденцијални објекти? Размислете.<br>7) Наставникот може да се послужи со виртуелни флеш-карти за да го провери знаењето на учениците. Флеш-картите се активираат на следната хиперврска: ΜΥΘΟΣ - Образовно-забавна активност со флеш-карти за класична архитектура. За оваа активност е потребна СМАРТ-табла. |
| **3. Работилница: постер/цртеж со древни градби и градежни елементи** | **2** | 1) Наставникот ги распределува учениците за тимска работа или им остава можност самите да се организираат во двојки или групи од тројца, четворица за да брзо и ефективно изработат постер/цртеж со древни градби и градежни елементи од класичната култура. Им поделува работен лист кој им служи како примерок за исцртување на древните градби. Наставникот да ги преземе и отпечати работните листови од корпусот на блог-порталот ΜΥΘΟΣ - Архитектура - работен лист бр.1, |

| | | |
|---|---|---|
| | | ΜΥΘΟΣ - Архитектура - работен лист бр.2 и ΜΥΘΟΣ - Архитектура - работен лист бр.3.<br>2) Потребни ресурси се следниве: лист од блок или хамер-хартија, линијар, црн маркер, дрвени боички или фломастери, колоритна декоративна хартија, молив, гумичка за бришење, исечоци од фотографии или слики со древни градби и градежни елементи – трите типа на столбови.<br>3) Наставникот има ја објаснува постапката за изготвување на постерот/цртежот пред отворање на работилницата. Првично да ја консултира схемата од следната хиперврска ΜΥΘΟΣ - Како да изработиш постер со градба од класичната култура? и сликовито да им покаже на учениците како да го изготват. Оние што имаат исечоци од фотографии за лепење, можат да ги налепат по површината со дескриптивни облачиња за да се посочи насловот на градбата, не заборавајќи да нацртаат украсна рамка, да исцртаат креативен наслов (ако се повеќе градби на пример, може да гласи *Римска/Хеленска архитектура*) и на крајот, во долниот десен агол да ги напишат авторските податоци.<br>4) Изработените постери/цртежи учениците првично да ги презентираат, а потоа да ги прикачат на ѕидно пано за класична култура во училницата.<br>5) Се препорачува наставникот да им ги вреднува изработките со усна формулација или симболично, за да ја охрабри креативноста на учениците и потоа да ја евидентира во неговиот бележник. |
| **4. Античко вајарство** | **1** | 1) Учениците кои во домашни услови ги завршиле постерите/цртежите од претходниот час, можат накратко да ги презентираат, а потоа да ги прикачат на ѕидно пано во училницата. Наставникот ги вреднува изработките и ги евидентира во неговиот бележник.<br>2) Наставникот им го запишува поимот „вајарство“ и преку техниката brainstorming поттикнува одговори. Ги запишува одделно на табла. Откако ќе се исцрпат предзнаењата, им го дава одговорот на поимот и ги подвлекува оние што се блиску до него по точноста.<br>3) Наставникот ги поучува учениците дека на европскиот континент класичната култура на Хелените и Римјаните оставила богато археолошко наследство од вајарски дела како артефакти. Новата содржина со која ги запознава е античкото вајарство, а хиперврската на тематската презентација за реализирање на содржината е следната: ΜΥΘΟΣ – IV 2. Античко вајарство. Исто така, може да се |

| | | |
|---|---|---|
| | | послужи со написот на блог-порталот МΥΘΟΣ - Античко хеленско вајарство за појаснување на систематската хронологија во развојот на оваа уметност со поставени автентични примероци и реплики.<br>4) Од особено значење за учениците е визуелно да ги меморираат вајарските облици и преку демонстративниот метод да ги препознаваат, додека описите на структурата се сметаат како знаења од повисоко ниво според скалата на Блум (наслов на дело, материјал од кој се изработувал, техника на изработка, полихромија, примена – украс, вотивно дело, идол и др.) и не се неопходни за високо вреднување на постигањата на учениците.<br>5) По излагањето, наставникот ги проверува учениците во колкав обем се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината МΥΘΟΣ – IV 2. Античко вајарство.<br>6) Наставникот им ја најавува работилницата која треба да се спроведе следниот час. Им задава подготвително задолжение пред работилницата да донесат прибор: прекривка за клупа (хартија/најлон), кутивче за безбедно носење на изработката, влажни марамчиња, дрвени или пластични ножиња, пластична чашка и најважното, пластелин или глинамол. За разлика од пластелинот, доколку ученикот или групата на ученици избере да работи со глинамол, задолжително да донесе пластична чашка и дрвено или пластично ноже за лесно моделирање.<br>7) Се развива кратка дискусија:<br>- Каков впечаток ви оставија класичните вајарски дела?<br>- Дали имате посетено музеј со вајарски дела?<br>- Дали сте посетиле археолошко наоѓалиште каде што вајарските дела се оставени под ведро небо?<br>- Со кој вајарски облик би го украсиле својот дом?<br>- Дали би сакале да бидете вајар?<br>- Зошто античките народи ги изработувале портретите на бележитите луѓе од мермер или од бронза? |
| **5. Работилница: моделирање на облици од антиката** | **1** | 1) Наставникот ги распределува учениците во тимови за да брзо и ефективно моделираат фигури со антички симболи, ликови и предмети. Учениците може да се организираат самостојно, меѓутоа, наставникот е должен да води сметка за инклузија на секој ученик. |

| | | |
|---|---|---|
| | | 2) Изработките да бидат од пластелин или глинамол. Потребен прибор за работа: престилка за клупа (хартија/најлон), кутивче за безбедно носење на изработката, влажни марамчиња, дрвени или пластични ножиња, пластична чашка, пластелин или глинамол. Учениците кои моделираат со пластелин нема да употребуваат вода или темперни бои.<br>3) Пред моделирањето на античка симболика, прикази и предмети од пластелин или глинамол, наставникот да им подели работни листови објавени во корпусот на блог-порталот ΜΥΘΟΣ - Вајарска работилница - работен лист бр.1 и ΜΥΘΟΣ - Вајарска работилница - работен лист бр.2.<br>4) Наставникот ги надгледува учениците и ги потсетува на клучните насоки:<br>а) Моделите треба да бидат во исправена положба како фигурини или во водорамна положба како релјефи;<br>б) Моделите во водорамна положба да се постават врз рамна површина на картон, врз дрвена или врз керамичка подлога;<br>в) По завршување на изработките од глинамол, учениците да ги складираат во кутивчиња за доработка во домашни услови. Доработката подразбира бојадисување откако ќе се исуши материјалот;<br>г) Изработките од пластелин ученикот или тимот да ги презентира пред одделението, а потоа да ги постави на изложбено место во училницата;<br>д) Останатите модели од глинамол да ги презентираат накратко следниот час.<br>5) Од непроценливо значење е секој ученик да учествува во некој од тимовите за да развива вештини и способности. Работилниците имаат практична цел и се одличен амбиент за развивање на вештини (комуникативни, кооперативни, тимски) и способности (организациски, аналитички, лидерски). |
| **6. Хеленско вазно сликарство** | **1** | 1) Учениците кои во домашни услови ги завршиле изработките од претходниот час, можат накратко да ги презентираат, а потоа да ги постават на изложбено место во училницата. Наставникот ги вреднува изработките и ги евидентира во неговиот бележник.<br>2) Наставникот им поставува прашање на учениците како ги разбираат следните поими – „грнчарија“ и „теракота“. Преку техниката brainstorming евоцира предзнаења и ги запишува одделно на табла во кратки формулации. Откако ќе се исцрпат предзнаењата, ги подвлекува оние што се блиску до поимите на табла, а |

| | | |
|---|---|---|
| | | потоа целосно им ги објаснува. Ја најавува содржината којашто следи и го запишува насловот на табла.<br>3) Наставникот ги поучува учениците дека на европскиот континент класичната хеленска култура оставила богато археолошко наследство од украсени теракотни посатки како артефакти. Новата содржина која им ја најави е за вазното сликарство во Хелада, а хиперврската на тематските презентациии за реализирање на содржината е МΥΘΟΣ – IV 3.1. Хеленско вазно сликарство.<br>4) По неговото излагање, наставникот ги проверува учениците во колкав обем се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината МΥΘΟΣ – IV 3.1. Хеленско вазно сликарство.<br>5) Наставникот им ја најавува работилницата која треба да се спроведе следниот час. Им задава подготвително задолжение пред работилницата да донесат прибор: темперни бои или фломастери, црни маркери, туш-пенкала и неукрасено керамичко грне. Учениците кои не се во можност да набават материјал за работа од оправдани причини, можат да украсуваат исцртани контури на античка ваза на работен лист. Наставникот треба да ги обезбеди работните листови.<br>7) Се развива кратка дискусија:<br>- Каков впечаток ви оставија украсените антички вази?<br>- Дали сте забележале некаде антички вази со орнаментика?<br>- Зошто древните Хелени имале потреба да ги украсуваат вазите со теми од секојдневието и митологијата?<br>- Дали грнчарскиот занает опстанал во нашата држава или е на работ на изумирање?<br>- Дали би сакале да бидете грнчари и сликари на вази?<br>- Сметате ли дека може да развиете сопствен бизнис со продажба на украсна грнчарија?<br>8) Наставникот може да се послужи со МΥΘΟΣ - Образовно-забавна активност за класично вајарство и вазно сликарство за да го провери усвоеното знаење на учениците преку избирање на соодветни одговори за покажани фотографии/слики. За оваа активност е потребна СМАРТ-табла. |

| | | |
|---|---|---|
| **7. Работилница: украсување на грнчарски сад со антички мотиви** | **1** | 1) Наставникот ги распределува учениците во парови за да брзо и ефективно украсуваат грнића со антички симболи, ликови и предмети. Учениците може да се организираат самостојно, меѓутоа, наставникот е должен да води сметка за инклузија на секој ученик. За украсувањето на глинениот сад потребни се најмногу два ученика, значи работа во двојка или индивидуално. Учениците кои немаат можност или не успеале да обезбедат керамичко грне, треба да украсуваат античка ваза од работен лист.<br>2) Примероци на работни листови наставникот да ги преземе и отпечати од корпусот на блог-порталот на следната хиперврска: ΜΥΘΟΣ - Исцртани контури на антички вази за сликање - работни листови.<br>3) Појасните украси од антиката можат да се преземат и отпечатат од истиот корпус на следните хиперврски: ΜΥΘΟΣ - Појасни украси - работен лист бр. 1, ΜΥΘΟΣ - Појасни украси - работен лист бр. 2 и ΜΥΘΟΣ - Појасни украси - работен лист бр. 3. Ликовните прикази нацртани и насликани на телото на грнето да бидат оние симболи, предмети и ликови од работните листови за вајарската работилница. Амбициозните ученици нека се обидат да цртаат автентични митолошки ликови со примери од реални фотографирани вази.<br>4) Потребен прибор за работа: темперни бои или фломастери, црни маркери, неукрасено керамичко грне и работни листови.<br>5) Наставникот ги надгледува учениците и ги потсетува на клучните насоки:<br>а) Првично, со молив врз површината на грнето да се исцртаат линии за да се определи местото на појасните украси;<br>б) Појасните линии до рамето и до подножјето на грнето треба да се украсат со античка орнаментика, додека телото на грнето треба да содржи ликовни прикази;<br>в) Појасните украси и ликовните прикази да се исцртаат со молив, а потоа со тенок црн маркер или туш-пенкало да се повторат;<br>г) Ученикот да одлучи кој стил на сликање има намера да го примени, црно-фигуралниот или црвено-фигуралниот;<br>д) Врз медаљонот на грнето, на дното, ученикот треба да го запише сопственото име на начин на кој го бележеле античките вазни сликари: во полукружна насока и со кратка реченица во големи печатни букви МЕ НАСЛИКА или МЕ НАСЛИКАА (ИМЕ НА УЧЕНИК ИЛИ НА УЧЕНИЦИ); |

| | | |
|---|---|---|
| | | ѓ) Ако учениците посакуваат нивниот печат да биде автентичен на античкиот во поглед на јазикот и писмото, може да се послужат со буквите од алфабетата и кратката реченица да ја образуваат на следниот начин со унцијална инскрипција ΜΕΓΡΑΨΕΝ или ΜΕΓΡΑΨΑΝ и името на ученикот или обата ученика со грчки букви и стил каков што приличи во старогрчкиот јазик, на пример, ΦΙΛΙΠΠΟΣ за Филип, ΕΛΕΝΗ за Елена.<br>е) Наставникот, кој е стручен познавач на имињата или зборовите од грчко потекло, може да им помогне во нивно обликување, а за оние имиња кои се од словенско или од некое друго потекло, може да ја употреби својата имагинација или едноставно приближно да ги транслитерира во зависност од фонетските граници на старогрчкиот јазик.<br>ж) Учениците кои украсуваат грнива на работен лист постапуваат слично, со таа разлика што треба да применат фломастери за бојадисување на садот.<br>з) По завршувањето на украсите, учениците ги презентираат грнињата и ги изложуваат на училишна клупа или полица.<br>6) Од непроценливо значење е секој ученик да учествува во некој од тимовите за да развива вештини и способности. Работилниците имаат практична цел и се одличен амбиент за развивање на вештини (комуникативни, кооперативни, тимски) и способности (организациски, аналитички, лидерски). |
| **8. Античко фреско-сликарство** | **1** | 1) Учениците кои во домашни услови ги завршиле изработките од претходниот час, можат накратко да ги презентираат, а потоа да ги постават на изложбено место во училницата. Наставникот ги вреднува изработките и ги евидентира во неговиот бележник.<br>2) Наставникот ги прашува учениците што подразбираат под поимот фреска. Преку техниката brainstorming евоцира предзнаења. Ги запишува одделно на табла. Откако ќе се исцрпат предзнаењата, ги подвлекува оние што се блиску до поимот на табла и целосно им го објаснува. Ја најавува содржината која следи.<br>3) Наставникот ги поучува учениците дека на европскиот континент откриено е богато археолошко наследство на ѕидни слики, повеќе од римските фреско-сликари отколку од хеленските поради историско-геолошките околности во кои успеале да одолеат на забот на времето и да се запазат од наездата на непријателските напади. Новата содржина која им ја најави е фреско-сликарството, а хипервրската на |

| | | |
|---|---|---|
| | | тематската презентација за реализирање на содржината е МΥΘΟΣ – IV 3.2. Ѕидното сликарство во античката уметност.<br>4) По излагањето, наставникот ги проверува учениците во колкав обем се усвоени клучните сознанија со прашања од рубриката *Да повториме што научивме* во содржината МΥΘΟΣ – IV 3.2. Ѕидното сликарство во античката уметност.<br>5) Се развива кратка дискусија:<br>• Која фреска ви остави впечаток од презентацијата?<br>• Каква емоција ви предизвика? Дали ве потсети на нешто?<br>• Во кои градби денес среќаваме фрески на ѕидовите?<br>• Дали сакате вашата соба да биде украсена со фрески? Која тема би ја избрале за украсување?<br>• Дали би сакале да се занимавате со фреско-сликарството? Што би сликале, какви теми?<br>• Зошто во современиот свет луѓето немаат потреба собите од своето живеалиште да ги сликаат со фрески?<br>6) Наставникот може дополнително да се послужи со МΥΘΟΣ - Образовно-забавен квиз за античко фреско сликарство за да го провери усвоеното знаење на учениците. За оваа активност е потребна СМАРТ-табла. |
| **9. Проверка на знаења** | **1** | 1) Наставникот им објаснува на учениците дека часот е од видот *усна* или *писмена проверка*.<br>2) Изготвените усни прашања им се задаваат на одделни ученици за проверка и потврдување на знаењата. Писмените проверки се остваруваат со тест на знаење кој наставникот е должен да го изготви. Прашањата треба да бидат внимателно осмислени или може да се применат оние од рубриката *Да повториме што научивме* во дигиталните содржини.<br>3) Сумативната оценка се одредува преку сите формативни проверувања од претходните две тематски подрачја заклучно со овој час. |

Наставната програма по Класична култура ја изготвил:
Ненад Начковски

јануари, 2024 година

(извршени измени и дополнувања во јули, 2025 година)